**20251923936**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ЗА СТАРИТЕ ЛИЦА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за социјална сигурност за старите лица,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 септември 2025 година.

Бр. 08-4848/1
12 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ЗА СТАРИТЕ ЛИЦА

Член 1

Во Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19), во член 13 во ставот 2 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка по работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 2

Во член 14 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 3

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за социјална сигурност за старите лица.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.